Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/30
15.11.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-985/30
15.11 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 36-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 28.10.2021 година | **Време** | 09.30 – 12:00 часот |
| **Бр. на седница** | 36-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 22.10.2021 година ;
2. Анализа на последната верзија на предлог текстот на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи ;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 36-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), која се одржа во Агенцијата за електронски комуникации, при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 35-та седница, одржана на 22.10.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на последната верзија на предлог текстот на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи. Тој истакна дека предлозите на НКБК по однос на предложениот текст на законот се во насока на усогласување со: предлог текстот на Националната ИКТ стратегија, Националниот оперативен бродбенд план усвоен од страна на Владата во 2019 година, Законот за основање на ЈП МРД, Програмата за работа на Владата 2020-2024, како и со Законот за електронските комуникации и претходни мислења и препораки усвоени од НКБК.

Во текот на седницата од страна на членовите на телото се отвори дискусија по однос на предлог - законот, особено во однос на Членовите 27 и 28 од глава IV – поврзување на јавни институции, како и член 25 поврзан со надлежностите на Дигиталната агенција во врска со владината оптичка мрежа. Исто така се направи ревизија на претходно доставените дефиницииво составна предлог законот, на начин што финалниот предлог содржи сублимирани дефиниции за: НТОМ, обезбедување на физичка инфраструктура, физичка инфраструктура на НТОМ и на електронска комуникациска мрежа за потребите на јавните институции. На крајот на дискусијата едногласно беа усвоени конечните предлози на НКБК на предлог законот.

**Заклучок:** Синтетизираните предлози на НКБК на предлог Законот за безбедност на мрежи и информациски системи ќе бидат официјално доставени до Министерот и до заменик Министерот за информатичко општество и администрација и поставени на

официјалната веб страна на НКБК.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ претседателот на телото Буковалов истакна дека телото проактивно ќе се вклучи во понатамошните активности на Агенцијата за електронски комуникации, поврзани со  Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи, за кој што се оцени дека е од особено значење за развој на бродбендот во државата.

[redacted]

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________